

# ПАТ НА ЖИВОТОТ

ГОДИНА 53

СЕПТЕМВРИ - ОКТОМВРИ 2023

СПИСАНИЕ НА ЕВАНГЕЛСКО - МЕТОДИСТИЧКА ЦРКВА ВО МАКЕДОНИЈА

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| ОВА ГО ЗНАМ | 3 |
| МОИТЕ ОВЦИ ГО СЛУШААТ МОЈОТ ГЛАС | 4 |
| СВЕТЛИНА КОЈА НЕ МОЖЕ ДА СЕ ИГНОРИРА | 6 |
| 3 УЧЕЊА НА ИСУС ЗА ЖИВОТ ИСПОЛНЕТ СО ВРЕДНОСТ | 8 |
| НАЧИНОТ НА КОЈ БОГ НÈ ВОДИ | 12 |
| 4-ТЕ СТОЛБОВИ НА ЦРКВАТА | 14 |
| НОВОСТИ ОД ЗАЕДНИЦИТЕ | 19 |
| ПОТРЕБИ ЗА МОЛИТВА | 29 |
| РЕСУРСИ И ИНФОРМАЦИИ | 30 |

# ОВА ГО ЗНАМ

***„Ги познава Господ оние кои се Негови.“ (2 Тимотеј 2:19)***

Не знам што денот може да донесе, дали тага, радост, или солзи, но знам Исус ќе биде тука да ги сподели моите надежи и стравови.

Знам Тој ќе бдее иако патот е мрачен; никогаш не се уморува, ниту заспива, но, без престан каде и да сум со нежност внимава на мене.

Не знам што Тој испланирал; не можам да видам на каде води Неговата рака. Но, Го слушам како секој ден ми вели, „Доволна ти е Мојата благодат.“

„И во ден на неволја повикај Ме, ќе ти помогнам преку тоа да минеш.“ Тој често ми праќа радост преку болката, и спремен е и за тебе да го стори истото.

Добро е да знам дека Тој е близу преку ноќ или ден, да ги сподели нашите загуби и успеси, и до крај по нашиот животен пат да нѐ води.“

Во оваа библиска медитација, Исус ни вели дека не треба да бидеме вознемирени за нашиот секојдневен живот, зашто нашиот Небесен Татко знае. И сѐ додека сме сигурни дека Тој ги знае нашите сегашни и идни потреби, нашите срца не треба да знаат за страв.

***Херман Вилијам Гокел***
***превод: Ѓорѓе Грнчаров***

# МОИТЕ ОВЦИ ГО СЛУШААТ МОЈОТ ГЛАС

Одвреме-навреме се случува некоја овца да го напушти своето јагне. Овчарите ги нарекуваат таквите јагнињa - сирачиња. Кога овчар ќе наиде на јагне, тој го зема, прифаќајќи го како свое. Го храни со шише и го остава да спие со главата на градите, тешејќи го малото суштество со звукот на неговото чукање на срцето.

Еднаш јас и жена ми посвоивме едно јагне и го однесовме кај нас да се грижиме за него. Кога и да се вратевме дома, штом малото јагне ќе ги слушнеше нашите гласови, трчаше до вратата, блеејќи за добредојде.





Кога јагнето ќе порасне во овца, го зазема своето место во стадото; но врската помеѓу него и овчарот останува. Кога овчарот ќе го повика стадото да дојде, сиракот прво ќе го чуе и ќе одговори на гласот на овчарот, трчајќи да го поздрави, привлекувајќи ги и другите овци кај овчарот.

Ова ме потсетува на Добриот Пастир: „Моите овци го слушаат мојот глас; и јас ги познавам и тие ме следат“. Ако некогаш сте биле такво „јагне“, знајте го ова: иако сте длабоко ранети, Бог ќе ве цени. Кога го слушаме Божјиот глас и сме подготвени да го следиме Божјиот повик, можеме да помогнеме да ги водиме и другите кон Божјата љубов.

Господи, помогни ни да го слушаме Твојот глас, да ја знаеме Твојата волја за нас и да бидеме брзи за да те следиме.

***КАКО ЌЕ ГО СЛУШАМ БОЖЈИОТ ГЛАС ДЕНЕС?***

***Превод: Ребека Пенева***

# СВЕТЛИНА КОЈА НЕ МОЖЕ ДА СЕ ИГНОРИРА

***Однесувајте се достојно меѓу незнабошците, па тие, кога ве напаѓаат како злотворци, штом ќе ги видат вашите добри дела, да Го прослават Бога во денот на посетата. (1. Петрово 2:12).***

Малку сол може да направи многу. Само малку сол во вашата овесна чорба или на вашата лубеница може да го засили вкусот. Така и еден христијанин во семејството, соседството или работното место, може да влијае на многумина. Исус рекол за Неговата црква: „Вие сте солта на земјата. Но, ако солта го изгуби вкусот, со што ќе се соли? Таа веќе не е за ништо, освен да се фрли надвор и изгази од луѓето.“ (Матеј 5:13).

Ако го земеме Мојсеј како пример, тој преку својот личен интегритет и побожност, влијаел за добро врз Израелците. Замислете колку му било тешко. Тие беа толку полни со неверување и лелекање и жалење.

Ни требаат повеќе вакви луѓе кои ќе направат разлика во овој свет. Кога се собирате на семејни собири и сите сакаат да пијат, пушат или да се забавуваат, вие сте чудни. Или можеби сте на работно место каде што сите други се неверници. Вие сте главниот удар на нивните шеги. И сакате да ја смените работата. Можеби во вашата училница сте оној христијанин кој нема да се согласува со професорот кој промовира еволуција или некој друг безбожен поглед на светот.

Тешко е и често сакаме да излеземе од такви ситуации. Но, дали некогаш размислуваме дека Бог нѐ ставил токму таму каде што треба да бидеме и да влијаеме?

Да го земеме повторно Мојсеј за пример. Бог го повика на планината Синај за да ги прими заповедите. Во Библијата е запишано: „А народот, кога виде дека Мојсеј долго време не слегува од планината, се собра пред Арон, и му рече: „Стани и направи ни бог што ќе оди пред нас, зашто не знаеме што се случи со оној човек – со Мојсеј, кој нѐ изведе од земјата египетска.“ (Излез 32:1).

Мојсеј го немаше, а тие имаа потреба да се поклонуваат на нешто. И наместо да препознаат дека Господ е тој кој преку Мојсеј ги изведе од Египет, тие мислеа дека тоа е самиот Мојсеј. Штом го немаше Мојсеј, Израелците бараа со нешто да го заменат.

Всушност, тие велеа: „Ни треба нешто опипливо, нешто што можеме да го видиме и допреме“. Така започнаа плановите за златното теле, што на крајот доведе до неморал и обожавање на идоли.

Личната побожност и интегритет на Мојсеј ги држеше Израелците под контрола до тој момент. И кога Мојсеј замина, сѐ се распадна.

На ист начин, токму присуството на црквата во светот денес ги спречува работите да станат уште полоши. Мислиме дека работите се лоши во нашата земја сега, и тие навистина се. Но, почекајте додека Господ не ја повика својата црква дома. Можеме само да замислиме колку брзо ќе се расплетува целото сценарио на последните времиња, проследено со појавата на Антихристот.

***Ние сме солта на земјата. Ние сме Божји претставници. И Бог може да направи многу со малку.***

***Грег Лори***



# ТРИ УЧЕЊА НА ИСУС ЗА ЖИВОТ ИСПОЛНЕТ СО ВРЕДНОСТ

Честопати имаме тенденција да го гледаме Исус како спасител, Божји син, кнез на мирот. Но, дали некогаш сте размислувале за Исус како влијателен човек? Од деловна гледна точка, Исус бил прилично добар во маркетингот во негово време. Исус бил веродостоен учител, добар раскажувач и привлечен говорник. Тој кажал незаборавни изреки и користел визуелни илустрации за да создаде искуства за своите следбеници.

Маркетиншките методи на Исус беа толку добри што не само што Тој силно влијаеше на неговата заедница, туку и на една третина од светот денес.

Исус никогаш ја немал политичката или економската моќ што вообичаената мудрост би ја сметала за суштинска за некој да стане влијателна личност во историјата. Всушност, тој потекнувал од скромно еврејско опкружување. Никогаш не патувал повеќе од 300 километри подалеку од својот дом, а во текот на животот имал само мала група на едноставни следбеници. Исус се обидел да остане непознат, но луѓето сепак се собирале кај него.

Овде се поставува прашањето: како може толку скромен човек да има такво историско влијание? Секако, претворањето на водата во вино би добило голем број следбеници, но не се само чудата тие што го направиле Исус толку влијателен додека бил на Земјата. Мора да има нешто повеќе во приказната за влијанието на Исус. Можеби е фактот дека Тој бил Божји син, или можеби е само едноставниот факт дека учењата на Исус имаа влијание врз животите на неговите следбеници. Можеби е тоа дека неговите учења навистина додаваат вредност на нашите животи. Еве три учења на Исус кои влијаеле на светот каков што го знаеме.

## 1. САКАЈ ГО ГОСПОДА, ТВОЈОТ БОГ

Во Матеј 22:37 Исус ни кажува „Возљуби Го Господа, својот Бог, со сето свое срце, и со сета своја душа, и со сиот свој разум". За мене клучната фраза овде е „Возљуби Го". Клучната лекција овде е дека љубовта е избор. Љубовта не е горлив занес. Тоа е избор. Избор на кој се обврзувате. Избор да љубиш и кога не се чувствуваш така или тогаш кога е тешко. Ова не е секогаш удобно, но тоа е она кое сме повикани да го направиме. Возљуби Го Господа, својот Бог, со целото свое битие, не со половина, туку со сето она што си.

Не само што сме повикани да го сакаме Бог со сето свое срце, туку повикани сме да го сакаме и ближниот како што би се сакале себеси. Ова е прилично интересно за мене зашто верувам дека кога вистински го сакаш Бог, го гледаш Бог во секое живо суштество, не само во твојот ближен, туку и во прекрасниот свет што го создал Бог. И кога сте исполнети со таа универзална љубов, сакате да се грижите за луѓето во вашата заедница, за животните покрај вас, за земјата и нејзиниот природен сјај. Ова е најголемата заповед: Возљуби Го Бог и она што Тој го создал.

Денес сме во искушение да се фокусираме на себе, материјализмот и моменталното задоволување. Кога ќе ја замениме нашата себичност, омраза и гнев со љубов, можеме да бидеме повеќе поврзани со Бог, Исус и со оние околу нас на прекрасен начин. Не само што ќе имаме мир во нашите срца, туку тој мир и љубов ќе навлезат во светот околу нас.

## 2. ЗЛАТНОТО ПРАВИЛО

Сигурен сум дека можете да се сетите како сте го научиле златното правило кога сте посетувале неделно школо. Во Лука, глава 6, Исус ни кажува да се однесуваме со другите како што сакаме тие да се однесуваат со нас. Исус вели дека ако го правиме тоа, тогаш ќе бидеме благословени, но што добиваме ние ако се однесуваме со почит и љубезност кон другите? Па, ако размислите за тоа, ако се однесувате убаво со некого, зарем не мислите дека тој ќе ви возврати убаво? Тоа е толку едноставен концепт што често го заборавaме.

## 3. ИСКРЕНА КОМУНИКАЦИЈА

Во библиските записи за Исус, се вели дека Исус често ја напуштал групата за да оди сам да се моли во осаменост. За големото влијание на Исус, било важно Тој да поминува време сам, молејќи се и општејќи со Бога. Мислам дека тоа е главната работа што го направи Исус толку маестрален учител: фактот што Тој одвои време за да биде лично со Бог и искрено да комуницира со Него. Исус даде совршен пример за тоа како треба да му се молиме на Бог и дека тоа треба често да го правиме.

Можеби не можеме секогаш да даваме доволно време во молитва, но можеме да најдеме мали моменти од времето кога сме сами, за да комуницираме со Бог. На пример, можеби додека возиме до работа или кога ги носиме кучињата на прошетка. Кога и да можеме да одвоиме време за бегство од светот и за повлекување во Божјото присуство, е добро време за молитва. Божјото присуство со љубов е секогаш тука за вас. Бог слуша кога ја изразувате вашата благодарност и кога плачете за да ви се исполнат потребите.

Прилично е неверојатно што скромниот Човек сè уште може да има силно влијание во денешниот свет 2.000 години по неговата смрт. Исто така, ме чуди што Исус можеше да создаде силно влијание во светот без никаква технологија што ја користиме денес. Сето ова покажува дека Исус бил голем учител, а неговите учења сè уште важат за нас денес. Илјадници и илјадници сè уште се држат до неговите зборови. Зошто? Бидејќи едноставните учења на Исус навистина додаваат вредност на животите на луѓето и тие буквално го променуваат светот.

***Медисон Маерс***



# НАЧИНОТ НА КОЈ БОГ НÈ ВОДИ

***1 Цареви 17:7-9***

***По извесно време потокот пресуши, бидејќи немаше дожд по целата земја. Тогаш Господ му рече: „Стани, оди во Сарепта кај Сидон и остани таму. Јас ѝ заповедав таму на една жена вдовица да те храни.“***

Авторот на 1 Цареви вели дека откако потокот (Керит) пресуши, Бог му кажа на Илија кој е следниот чекор од Неговиот план. Имено, Бог го пренасочи пророкот и му кажа дека сега е време да оди во Сарепта, каде ќе се грижи за неговите потреби преку некоја вдовица. Навистина е интересен начинот на кој Бог го водеше пророкот низ месеците и годините. Тој не му даде три или четири годишен план, туку го водеше чекор по чекор. Прво му кажа да оди во Керит, па откако се покажа верен и трпелив додека беше кај Керит, потоа Бог му кажа да оди во Сарепта.



Мислам дека начинот на кој Бог го водеше Илија е добар пример за тоа како Бог ги води сите луѓе кои се надеваат на Него - да, тоа те вклучува и тебе. Врз основа на светописното учење, мислам дека имам слобода да ти кажам да не очекуваш дека Бог ќе ти даде неколкугодишен план за твојот личен живот, за твоето семејство, финансии, служба и сл. Бог не дејствува на таков начин. Наместо тоа, Тој бара од нас да му веруваме таму каде што нè води сега, и со можностите кои моментално ни ги дава во животот. Затоа, наместо да се грижиш и секираш за тоа што ќе се случи за една или две години, мој совет ти е да Му веруваш на Бог додека си кај Керит (моменталната состојба), а кога ќе дојде време - тој ќе те пренасочи во Сарепта (тоа што Тој го има следно за тебе).

***Никола Гиневски***

# 4-ТЕ СТОЛБОВИ НА ЦРКВАТА

Како основа на моето размислување, го земам Дела 2:42-47 каде Лука ни дава слика од животот на раната црква.

Приказната раскажува што се случило со крстените верници по Педесетница и како црквата продолжила да живее откако го доживеала излевањето на Светиот Дух, проповедта на апостол Петар, преобраќањето и крштевањето на повеќе од 3.000 луѓе.
Духовден (Педесетница) е многу моќно искуство за црквата, а потоа доаѓа рутинскиот живот на црквата во вера. Лука го опишува токму овој рутински живот на црквата и гледаме како тој е исполнет со смисла, со радост, со динамика и како Бог работи и спасува.

Во овој рутински живот на раната црква гледаме 4 главни активности.

***Првата е истрајност во учењето на апостолите.***
***Втората е дружење.***
***Третата е кршење леб.***
***Четвртата е молитва.***

Сите овие 4 активности се како столбови кои цврсто ја држат структурата на раната црква и верувам дека без еден од нив немаше да има резултат - раните христијани го фалеле Бога, ја освојувале наклонетоста на целиот народ и Господ ги додаваше „оние што се спасуваа“.

***Ајде да читаме Дела 2:42-47***
*И беа истрајни во учењето на апостолите, во заедничкиот живот, во пре кршувањето на лебот и во молитвите. И страв ја обзеде секоја душа, зашто многу чудеса и знаци се вршеа преку апостолите. А сите што веруваа, беа заедно и сѐ им беше заедничко; продаваа имоти и сопствености и на секого му раздаваа колку што му беше потребно. И секој ден еднодушно престојуваа во храмот и, прекршувајќи леб по куќите, се хранеа со радост и со чисто срце. Го фалеа Бога и стекнуваа благонаклонетост кај сите луѓе. А Господ секој ден ги придодаваше спасените кон нивното мноштво.*

Тие истрајаа (грчки προσκαρτεροῦντες) во апостолската доктрина и заедништво (грчки του κοινωνία ), во кршењето на лебот (грчки του άρτου) и молитвата (τάις προσευχές).

***Првиот од 4-те основни столбови на црковниот живот е истрајноста во учењето на апостолите.***
(προσκαρτεροῦντες) значи:

- „да се биде искрен“ или „да се истрае“
- „да се биде постојано вреден“ или „да се прилепува“

Ова е истиот збор што Лука го користи за да ги опише активностите на учениците по Исусовото вознесение, кога кажа: „Сите еднодушно се молат“ (Дела 1:14).

Упорноста во трудољубивоста не е еднократен момент на учење каков што би практикувале денес во семинариите и универзитетите, таканаречена схоластичка теологија. προσκαρτεροῦντες е постојано слушање на наративот за тоа кој е Христос.

„во учењето на апостолите“
Но каква реконструкција би направиле на она што го нарекуваме апостолско учење? Тоа е наративот на живите сведоци и нивните искуства од:

- инкарнација на Бога;
- служењето;
- смрт;
- воскресението;
- вознесението;
- и ветувањето за второто доаѓање на Исус Христос.

***Вториот од 4-те главни столбови на животот на раната црква беше заедништвото.***
„Причест“ (του κοινωνία). Забележете дека (του) има определен член - исто како и другите три активности спомнати во овој стих. (του κοινωνία) значи дружење, другарство, учество, вклученост, споделување, интимно блиско пријателство, правење нешто заедно. Грчкиот јазик е многу богат со нијанси, но сите значења на του κοινωνία зборуваат за активна комуникација.

Лука вели за првите христијани: „Тие истрајаа во учењето на апостолите и во του κοινωνία, во кршењето леб и во молитвата“.

Истиот збор του κοινωνία го користи апостол Павле во 1. Коринтјаните 1:9 кога зборува за заедништвото што христијаните го имаат со Христос: „Верен е Бог, преку Кого сте повикани во του κοινωνία на Неговиот Син, Исус Христос, нашиот Господ." 2 Коринтјаните 13 του κοινωνία на Светиот Дух да биде со сите вас.

του κοινωνία , што го искусуваат учениците, природно се изразува во споделувањето на ресурсите еден со друг.

Современата црква е под влијание на културата на консумеризмот и индивидуализмот на современото општество, но наша одговорност е да се потсетиме дека во тешки времиња, споделувањето ресурси е дел од нашата општествена светост и тоа е тој видлив елемент на нашето учество во Телото на нашиот Господ Исус Христос.

***Следниот, третиот од 4-те главни столбови на животот на раната црква беше кршењето леб (του άρτου).***

Кога Лука зборува за „кршењето на лебот“, не можеме да бидеме сигурни дали тоа се однесува на обичен оброк или на прославата на Господовата вечера.

Обично ја користиме фразата „кршење леб“ кога зборуваме за обичен оброк, но употребата на определениот член του пред άρτου укажува на посебен оброк - т.е. Господова вечера.

Понатаму, τοῦ ἄρτου во овој контекст е една од четирите активности. Останатите три (учење, причест и молитва) се од духовна природа, што сугерира дека кршењето на лебот τοῦ ἄρτου е исто така духовна активност - Господова вечера, причест.

***Последниот од 4-те главни столбови на животот на раната црква беше молитвата*** (τάις προσευχές)
Употребата на определениот член τάις пред προσευχές имплицира дека тоа може да се одредени молитви што се користат во јавната богослужба.

Знаеме дека овие ученици поминувале многу време во храмот, па фразата „молитва“ веројатно вклучува такви како што е Господовата молитва. Но, какви и да биле молитвите, црквата се молела заедно.

Христос е нашиот пример - тој често се молеше и молитвата одземаше голем дел од неговото време. Ако Богочовекот одвоил време за молитва, тогаш тоа е приоритет и за нас. Но, не зборувам за лична молитва, туку за молитвата што ја имала раната црква во храмот. Самата молитва започнува со Оче наш, што покажува дека е колективна, заедничка молитва.

***Резултатот од овие 4 активности е:***

- Доаѓа стравопочит кон Бог;
- Почит кон верниците;
- Бог прави чуда.

Имало споделување на добра и ресурси меѓу верниците во тешки времиња. Ова не било комунизам, туку доброволно споделување. Додека тие го славеле Бог, имало прослава на верата. Имало радост и покрај прогонството. Некои биле обесправени. Други останале без егзистенција и имот.

Што ја натерало раната црква да има толку длабока самопожртвуваност и грижа? - Јасното сознание дека тие се едно тело и јасен идентитет за тоа кои се.

Во стих 43, страв влезе во секоја душа и многу чуда и знаци беа извршени преку апостолите.

1. Страв во секоја душа.
2. Многу чуда и знаци беа извршени преку апостолите.
3. Господ од ден на ден ги додаваше во собранието оние што се спасуваа.

Учениците правеле сè како што треба - покажувале голема грижа еден за друг - живееле во хармонија - обожувајќи го Бог - но Господ бил Тој што им дал луѓе. Како што рекол Павле во своето прво послание до Коринтјаните 3:6, „Јас засадив. Аполос напои. Но Бог направи да израсне".

Оваа рана црква, која толку брзо растела, „се посветила не на евангелизирање, туку на учење и заедништво, на богослужба и грижа на дело". Бог ја удостоил нивната верност додавајќи ги „во собранието од ден на ден оние што се спасуваат". Народот имал длабока меѓусебна поврзаност која привлекувала надворешни луѓе, предизвикувала стравопочит кон Бог и почит кон верниците.

Заедницата на верници во Ерусалим живеела во повеќеслојно сведоштво кое не било ограничено на едно место или на еден начин. Ова сведоштво се манифестирало и во нивните домови и во Ерусалимскиот храм. Додека црковната заедница се грижела за своите членови, таа го заработувала восхитот на надворешните луѓе. Заедницата не постоела заради себе, туку за да се грижи за своите најранливи членови и на тој начин да биде средство со кое Бог го проширувал спасението на другите.

***Милен Стефанов***



# НОВОСТИ

## ОД ЗАЕДНИЦИТЕ



# РЕГИОНАЛЕН МЛАДИНСКИ КАМП

## 31.7-4.8 во Златибор, Србија

Колку беше прекрасно и охрабрувачки да се обнови заедништвото меѓу младите од трите дистрикта Србија, Албанија и Македонија. Овој регионален младински камп се одржува трет пат по ред, но е прв после пандемијата. После секој камп се потсетувам колку се важни и значајни кампoвите не само за искуството што ќе го стекнеме, но и за духовната обнова која е поттикната од заедништвото со христијани. Бог секогаш делува на најдобар начин, па така Му благодарам на Бог што делуваше на прекрасен начин и на овој камп и што сите се вративме збогатени во Духот и со нови пријателства.

Темата за овој камп, преку која Бог ни зборуваше, гласеше „Обнова", обнова која е потребна на нашето срце, душа и тело. Првиот дел од темата гласеше „Обнова преку Божјиот збор" и беше водена од пастор Владимир Фазекаш од Србија. Размислувавме за обновувачката моќ на Божјото Слово. Го разгледавме Псалмот 19:7-14 и размислувавме за атрибутите на Божјиот збор и што тој Псалм нѐ учи за Бог, за Неговиот збор и за нас самите. Библијата, Божјиот збор има сила, сила која открива и менува. Разговаравме што значи Библијата за нас и каква улога има во нашиот живот. Разговаравме и за која е целата на Божјиот збор според Псалм 19. Успехот или неуспехот во христијанскиот живот зависи од тоа колку внесуваме од Божјиот збор во нашиот живот и колку сме послушни на него. Обновувачката моќ на Божјото Слово нѐ учи дека животот не го градиме на непостојани емоции, туку го градиме на Христос и Божјиот збор.

Вториот дел од темата гласеше „Обнова преку заедништво“ и беше водена од пастор Церџи Лушка од Албанија. Разговаравме за тоа колку се важни врските со другите луѓе, браќа и сестри. За да се зачуваат врските треба да се обновуваат, да застанеме и да размислиме што сме ветиле. Мора постојано да се обновуваат врските за да траат. Не е доволно само еднаш да се исполнат ветувањата, но да се одржуваат живи преку грижа, љубов и посветеност еден кон друг. Но, исто така и односот со Бог бара обнова, тоа е копчето што секојдневно мора да го притиснеме. Бевме охрабрени да го обновиме нашиот однос со Бог и да ги градиме и негуваме врските со луѓето исполнувајќи ги ветувањата кои ги даваме.

Третиот дел од темата гласеше „Обнова преку црквата“ и беше водена од пастор Милен Стефанов од Македонија. Разговаравме што значи црквата за нас и споделувавме наши размислувања. Потоа разговаравме што се случува во црквата и ги споделивме следниве неколку работи: Христос е присутен во црквата затоа што се собираме заедно да Му се поклонуваме (Матеј 18:20), светците се среќаваат, го обожаваме Бога, Словото Божјо се слуша преку проповедање и читање - Бог ни зборува, се молиме како заедница и се зема Господната вечера. Христијанинот кој расте и созрева е оној кој им служи на Бог и на луѓето. Вршењето на Божјата волја станува храна за нашиот духовен живот, а тоа оди преку и со црквата. „Мојата храна“, рекол Исус, „е да ја исполнувам волјата на Оној кој ме испратил и да го извршам Неговото дело“. Црквата сама по себе е освежена преку луѓето. Биди обнова, биди творец на историја, биди црква!

Кампот беше исполнет и со многу дружења, возбудливи екскурзии на Златибор, игри, славење, вкусна храна и благословено заедништо. Верувам дека тоа што Бог го започнал кај секој еден од нас на овој камп, ќе го доврши во Негово време. Му благодарам на Бог за сите млади кои беа дел од кампот и за сите водачи кои посветено и верно му служеа на Бог и на младите преку овој камп.

***Симона Танчева***

КРДМ Комисија за работа со деца и млади






## РЕГИОНАЛЕН МЛАДИНСКИ КАМП 2023






## *Искуства од младите:*

### *◆ Анѓелина Донева*

Темата за овој камп беше “Обнова” (освежување), беше сезона во која ми беше потребно освежување на мојата душа и тело, Псалм 23 јасно ни го искажува сето тоа, ми остави впечаток едно прашање и одговор:  Како Бог ја освежува мојата душа?  - Бог мојата душа ја освежува или обновува со пуштање на нештата кои цвесто ги држам, со препуштање и доверба во Бог, и кога си опростуваме еден на друг. Беше едно прекрасно доживување и благословено време, се вратив освежена и телесно и духовно и со нови стекнати пријателства.

### *◆ Евѓенија Стојаноска*

Регионалниот камп, како мој прв камп, ми ги исполни сите очекувања и ми ја покажа големата вредност на христијанското опкружување. Прекрасните говори, незаборавните дружби и вистинските пријателства никого не оставија рамнодушен и сум многу благодарна што ја имав приликата да бидам таму.

### *◆ Јонатан Милески*

За мене овој камп беше вистинско духовно и телесно освежување, како што и самата тема гласеше. Почнувајќи од утринските пораки и малите групи, па сè до вечерните активности, на различни начини се потсетувавме дека секогаш треба да бараме да бидеме освежени и обновени преку Божјото присуство во нашите животи. Морам да признаам дека освен прекрасните духовни пораки овој камп ќе го памтам и по многуте возбудливи игри, како и секојдневните екскурзии кога имавме можност да ги посетиме поважните локални знаменитости на убавиот Златибор.

# ТИНЕЈЏЕРСКИ КАМП 2023



***„Бидете постојани во молитвата, бидете бодри во неа со благодарност!“ Колосјаните 4:2***

„Што прави Исус во моментов на небото? Ова е само едно од прашањата за кои тинејџерите во нашиот летен тинејџерски камп беа замолени да размислуваат во нивните мали групи. Од 23-ти до 26-ти август петнаесет тинејџери и осум возрасни се собраа во Гевгелија, Македонија на четири дена и три ноќи забава, библиско учење, градење односи и друго. Темата за кампот беше „Молитвата има сила“ („Молитвата има моќ“). Свештеникот Лазо Танчев даде три инспиративни пораки објаснувајќи што е молитва, предизвикувајќи нè да навлеземе подлабоко во нашите молитви и предупредувајќи нè за работи што можат да ги попречат нашите молитви.

На првиот ден, научивме дека Бог сака да Го бараме и да Му ги донесеме нашите потреби во молитва. Тој нè љуби и ветува дека ако Го бараме, ќе Го најдеме; сепак, Тој сака да Го бараме со дух на благодарност. Ако бараме само без благодарност, можеме да станеме како досаден просјак! Вториот ден научивме дека нашиот молитвен живот е знак за тоа колку сме блиски со Бога. Научивме дека Бог сака да се молиме редовно за себе и за другите и дека како Негови деца, можеме да Му се молиме каде било и во секое време. На последниот ден, научивме дека фалењето на Бог во нашите молитви е многу важно. Кога Исус се молел, првото нешто што го направил е да го слави Бог. Кога го следиме примерот на Исус и се молиме со пофалба, благодарност и вера во нашите срца, нашите молитви имаат моќ!





По секое наставно време, тинејџерите се собираа во своите мали групи за да разговараат за лекцијата и за нивните размислувања за молитвата. Имавме тим Фуџи, тим Везув и тим Кракатаа бидејќи вулканите, како молитвата, имаат многу моќ и никогаш не знаеш кога ќе се услиши молитвата или ќе еруптира вулкан! Исклучително сум им благодарна на нашите волонтери кои ги вклучија овие тинејџери во длабоки разговори и се поврзаа со нив на лично ниво.







Останатите активности од кампот најчесто ги правевме сите заедно - утрински вежби и пораки, славење, рачни работи, оброци, игри на отворено, игри во затворен простор, пливање, гледање ѕвезди, па дури и печење маршмелоус! Тинејџерите навистина добро се сложуваа и рекоа дека не сакаат да чекаат следно лето за да се соберат повторно! Значи, што прави Исус на небото во моментов? Според Римјаните 8:34, Тој се застапува за Своите следбеници. Тој се моли за нас! Тој се моли за секој од тинејџерите и волонтерите кои дојдоа на кампот. Тој се моли за мене и се моли за вас. Не можеме да Му заблагодариме или да Го фалиме доволно за тоа што го прави за нас, но можеме да се обидеме! Да се молиме за нашите млади, за Македонија и за нашата црква локално и глобално, со благодарност и со славење, Бог да нè чуе и нашите молитви да имаат моќ!

Покрај часовите и групните активности, спремивме и една молитвена прошетка каде учесниците можеа да патуваат на единствено патување во тишина и со Бог. Патеката до седум станици беше обележана со лента на подот и во позадина свиреше класична музика за секој што ќе ја прифати поканата. Неколку тинејџери и возрасни волонтери споделија дека времето што го поминале во просторијата за молитва било многу значајно за нив.

***Џенифер Мур***

КРДМ Комисија за работа со деца и млади












**Ѓаволот се обидува да ги ограничи твоите молитви бидејќи знае дека твоите молитви ќе го ограничат него.**

# ПОТРЕБИ ЗА МОЛИТВА

*Молитвата не треба да ни биде последно средство туку прв ресурс*



- Благодарни срца
- Заедништво помеѓу заедниците
- Младински и детски групи
- Женски и машки групи
- Црковното раководство
- Социјалната работа која се извршува преку Дијаконијата
- Духовно пробудување
- Ученииштвото во црквата

# РЕСУРСИ

**Христијанска песнарка**




**Библија**



**Библија**




**Библија за деца**




*** сите апликации може да се инсталираат со скенирање на кодот**

# ИНФОРМАЦИИ

## Сметка на ЕМЦ

Добредојдени се вашите доброволни прилози за работата со литература на ЕМЦ во Македонија, на која било од следниве сметки, со цел на дознака:
ЗА ЛИТЕРАТУРА

**НЛБ Банка**

210-0471551901-34

**Шпаркасе Банка**

250-0080004168-42

## Веб-страница

На www.emc.mk можете да ги следите тековните новости од активностите во сите заедници на Евангелско-методистичката црква во Македонија.

*Фотографиите кои се користени во списанието се преземени од страните: www.unsplash.com и www.canva.com

# Прими ги моите благодарници

Господи, и научи ме на Твоите уредби.

• Псалм 119:108



• Илустрација на Ребека Пенева



Списанието е достапно онлајн на веб-страницата
Годишна претплата: 400 ден. (излегува 6 пати годишно)

Издава: ЕМЦ во Македонија
Уредник: Невенка Гиневска
Дебарца 9, 1000 Скопје
+389 75 200 012 / literatura@emc.mk

www.emc.mk